РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 05-2208/1
22.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 41 став 1 алинеја 8 и член 15 став 1 алинеја 23 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, согласно Заклучокот бр.02-2185/2 од 21.05.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 21.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-5610/1 од 25.12.2025 година. Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, се зголемуваат за 1.710.000,00 денари, односно изнесуваат 227.060.345,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 1.710.000,00 денари, наменети за:

– Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа, во износ од 2.360.000,00 денари, наместо досегашните 650.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се зголемуваат за 1.710.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 225.350.345,00 денари, истите изнесуваат 227.060.345,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од минати години** се зголемува за 1.230.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 71.650.345,00 денари, истата изнесува 72.880.345,00 денари;
- Приходната ставка **Планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање** се зголемува за 480.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.700.000,00 денари, истата изнесува 11.180.000,00 денари, овие средства се повеќе наплатени во однос на планираните со Финансискиот план за 2026 година;
- **Вкупните расходи** се зголемуваат за 1.710.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 225.350.345 денари, истите изнесуваат 227.060.345,00 денари;
- Групна ставка **402 Инвестиционо одржување на средства** се зголемува за 1.710.000,00 денари и истата наместо 15.845.000,00 изнесува 17.555.000,00 денари и
- Позиција **402040 - Поправки изврш. на добрата,сервис, монтажа-опрема** се зголемува за 1.710.000,00 денари и истата наместо 3.042.000,00 денари изнесува 4.752.000,00 денари. Средствата во вкупен износ од 2.360.000,00 денари, се наменети за распишување на јавна набавка за поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, со цел да се обезбедат средства наменети за спроведување на нова јавна набавка за поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа, од причина што постојниот договор бр. 05/07 од 06.10.2025 г. (03-4224/1 од 01.10.2025 г.) е спогодбено раскинат поради неможност на носителот на набавката во целост да ја извршува услугата која е предмет на јавната набавка.
За да се обезбедат 1.710.000,00 денари направени се измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година и тоа: Приходната ставка **Пренесени вишок средства од минати години** се зголеми за 1.230.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 71.650.345,00 денари, истата изнесува 72.880.345,00 денари.
Приходната ставка **Планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање** се зголеми за 480.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.700.000,00 денари, истата изнесува 11.180.000,00 денари. Ставката **402 Инвестиционо одржување на средства** се зголеми за 1.710.000,00 денари и истата наместо 15.845.000,00 изнесува 17.555.000,00 денари. Позицијата **402040 - Поправки изврш. на добрата,сервис, монтажа-опрема** и истата наместо 3.042.000,00 денари, изнесува 4.752.000,00 денари. Средствата во вкупен износ од 2.360.000,00 денари, се наменети за распишување на јавна набавка за поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа.
Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2026 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемија за 1.710.000,00 денари и истите изнесуваат 227.060.345,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски бр. 01-3632/1 од 22.08.2025 година, согласно Заклучокот бр. бр.02-2185/2 од 21.05.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 21.05.2026 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Саше СТЕФАНОВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.